Централна кооперативна банка АД

Бр. 0204 - 60
16.04 2018 год.
СКОПЈЕ

Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 89, став 3, точка 25 од Законот за банките, а во врска со член 86, став 1, точка 2 од Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката на својата 123 (сто дваесет и трета) седница, одржана на 16.04.2018 година, го доставува до Собранието на акционери на Централна кооперативна банка АД Скопје следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**по Годишниот извештај за работењето на**
**Централна кооперативна банка АД Скопје за 2017 година**

Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје го разгледа и одобри Годишниот извештај за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година, и го даде следното мислење:

Извештајот за работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје дава комплетна и јасна слика за работењето на Банката. Во него се презентирани податоци и информации за реализација на целите и задачите предвидени со деловната политика за 2017 година, во која се интегрирани целите и задачите на монетарната политика на Народна банка на РМ во услови на варијабилни макроекономски и пазарни услови, ризици од политичка несигурност во 2017 година, кои предизвикаа намалување на довербата и имаа негативно влијание врз растот, вклучително и промените на регулативата кои директно или индиректно влијаеа врз остварувањето на финансискиот резултат и на пазарната позиција на Централна кооперативна банка АД Скопје.

Извештајот за работењето на Банката на систематизиран начин ги презентира деловното работење на истата, анализирано по одделните финансиски и деловни активности, за кои се известува согласно со Законот за банки, Законот за трговски друштва, почитувањето и спроведувањето на одделните политики, нивната усогласеност со воспоставените процеси и усогласеноста на работењето со супервизорските стандарди и Кодексот за корпоративно управување, финансиските активности, управувањето со одделните ризици на кои е изложена, работењето на органите, развојот на информатичката технологија, воспоставените интерни контролни механизми, активностите на внатрешната ревизија и сите останати деловни активности.

Извештајот за работењето на Банката дава целосна слика за работењето, нејзините организациски единици и организациски делови, односно филијали и експозитури во текот на извештајниот период. Дадена е детална презентација на банкарските активности, целокупното работење и остварувањата со состојбата на 31.12.2017 година, остварувањата во однос на претходната година и усвоениот Деловен и финансиски план.

Банката даде максимална поддршка во реализацијата на тековните и развојните цели и задачи на своите комитенти, акционери и други деловни субјекти, притоа одржувајќи стабилност и сигурност во работењето преку зголемување на вкупниот потенцијал, подобрување на бонитетот и стандардите за покривање на ликвидносниот, кредитниот, валутниот, каматниот и другите ризици во работењето и профитабилноста во работењето.

Во 2017 година, активностите генерално беа насочени кон *следење на визијата*, Банката да стане една од најдобрите средни банки во Република Македонија и да биде сигурен и конструктивен партнер на секој нејзин клиент, како и *остварување на нејзината мисија*, да креира трајни врски со клиентите и подлабоко да навлезе на македонскиот пазар преку

финансирање на мали и средни претпријатија и физички лица, како и понуда на современи финансиски услуги кои ги исполнуваат највисоките професионални стандарди, притоа стремејќи се да одржува позитивна и стимулативна работна атмосфера и да ги поттикнува иницијативите и да ги наградува реалните резултати и успеси.

Во 2017 година, Централна кооперативна банка АД Скопје работеше со стремеж за добри резултати, управување и стабилност, навремено и точно известување на Народната банка на РМ, планирање на нови и развој на постоечки производи и услуги на пазарот, усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива, заштита на информативниот систем, усогласување на каматните стапки и тарифата со општите услови на пазарот, како и наплата на проблематични побарувања.

Во текот на 2017 година, Банката успеа да ги задржи нето-каматните приходи и расходи на приближно исто ниво како и претходната година односно бележи пораст од 2,1 % во однос на претходната година (пораст на реализираните приходи и расходи од камати). Сепак, Банката не го реализира планот во целост по основ на оваа ставка за 2017 година, така што нето-каматен приход покажува реализација од 94,7%.
Одредени индикатори во 2017 година укажуваат на подобрување на оперативната ефикасност, гледано преку намалените трошоци, при што намалувањето бележи пад од 2,2% во однос на 2016 година и намалени оперативн расходи од работењето во однос на планот за 2017 година од 5,4%. Така, Банката ја заврши годината со загуба од 5.100 илјади денари.

Во доменот на кредитирањето, Банката го задржа позитивниот тренд на раст на севкупната кредитна активност, а најголем дел од ***приходите од камати*** е остварен во сегментот население (домаќинства).
Расположивиот вишок на ликвидни средства Банката го насочи кон нискоризични пласмани. Подобрената кредитна активност и вложувања во безризични пласмани во услови на силна конкуренција и пад на активните каматни стапки во банкарскиот сектор, доведоа до одржување на приходите од камати близу до нивото од минатата година.
Во секторската распределба на расходите од камата, видови на финансиските извори, најголемо учество, имаат депозитите (секторот домаќинства од каде што потекнуваат најголемиот дел на депозити во Банката), а незначителен дел се однесуваат на камати за кредити и расходите кон финансиските друштва од небанкарскиот сектор.

Приходите и расходите од провизии и надоместоци во 2017 година во основа ја задржаа истата структура како минатата година. Подобрената кредитна активност доведе до пораст на приходите од провизиите по овој основ за 7% во однос на 2016 година, а во расходи за провизии на Банката доминатно учество во структурата има работењето со брендирани картички од MasterCard. Од друга страна, Банката оствари пониски нето-приходи од курсни разлики во однос на минатата година

Во текот на 2017 година Банката континуирано водеше грижа за одржување на квалитетно и стабилно кредитно портфолио, што доведе до намалување на издвоените резервациии за кредитен ризик.
Во 2017 година, забележана е блага промена на структурата на изворите на средства на Банката во однос на 2016 година, при што дојде до постепена замена на странските извори со домашни извори. Забележан е континуиран раст на депозитите на нефинансиските друштва и на депозитите на населението, што предизвика пораст на позицијата ***депозити*** за 1% споредено со претходната година.

Централна кооперативна банка АД Скопје ја заврши годината како стабилна и ликвидна банка, зацврстувајќи ја довербата на своите клиенти и соработници, доследно почитувајќи ја законската регулатива, привлече значителни средства и ја зголеми депозитната база во однос на минатата година.

Во Извештајот на систематизиран начин е презентирано остварувањето на одделните банкарски активности кои придонесуваат за успешно работење и квалитетно управување, почитување и усогласеност со целокупната законска регулатива.

Во Извештајот за работењето, се презентирани сите информации пропишани со Законот за трговските друштва и содржан е и Извештајот за корпоративно управување на Централна кооперативна банка АД Скопје за 2017 година, како негов составен дел, изготвен врз основа на Кодексот за корпоративно управување на Банката и Одлуката за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка („Сл. весник на РМ" бр. 159/2007).

***Имајќи ги предвид презентираните податоци за сите активности, мислењето на Надзорниот одбор на Банката е дека Годишниот извештај реално и објективно го презентира работењето на Централна кооперативна банка АД Скопје во текот на 2017 година.***

Претседател на Надзорен одбор,
Тихомир Атанасов с.р.

Централна кооперативна банка АД • Скопје •